Врз основа на член 36, став 1 алинеја 6, Управниот одбор на здружението Институт за развој на електронски комуникации ИНРЕКОМ Скопје, го донесува следниот:

# ПРАВИЛНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИ МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ, СЛУЖБЕНИ ЛАП-ТОП ПРЕНОСНИ КОМПЈУТЕРИ И 3G/4G USB МОДЕМИ ВО ИНРЕКОМ

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот и условите на користење на службени уреди како што се: мобилен телефон, 3G/4G USB модем и лап-топ компјутер, ограничување на износот на сметките и други прашања поврзани со користењето на службените уреди.

## ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИ УРЕДИ СО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА СМЕТКИТЕ

### Член 2

Право на користење на службен мобилен телефон, со ограничување на висината на сметките до определен износ имаат:

- Претседателот односно Извршниот директор, до 1.500 денари;
- Програмскиот координатор и членови на УО, до 1.000 денари;
- Други вработени, до 500 денари.

Во износите наведени во ставот 1 на овој член се пресметани: месечната претплата, роамингот, данокот на додадена вредност и користењето на основните опции кои ги нуди мобилниот оператор.

Лицата наведени во ставот 1 на овој член имаат право на користење и на 3G/4G USB модем. Висината на месечниот износ на мобилниот бежичен интернет кој се користи преку 3G/4G USB модем се одобрува со одлука на УО на предлог на Извршниот директор.

Лицата наведени од ставот 1 на овој член имаат право да побараат и службен лап-топ преносен компјутер, а предлогот ќе се разгледа на седница на Управниот одбор.

Надминувањето на дозволените ограничувања на висината на сметките утврдени во став 1 и 3 на овој член, до висината на тие износи, се одобрува со решение од страна на Управниот одбор на Институтот кога тоа е поврзано со извршување на службени обврски и работни задачи.

Надминувањето на дозволените ограничувања на висината на сметките утврдени во став 1 на овој член, до висина на тие износи, за услугата – роаминг, се одобрува со решение од страна на Управниот одбор, кога тоа е поврзано со извршување на службените обврски и работните задачи.

По исклучок врз основа на одлука односно решение на Управниот одбор, се одобрува надминување на дозволените ограничувања на висината на сметките наведени во став 5 на овој член и надминување на ограничувањето на услугата – роаминг став 6 на овој член.

Користењето на службените мобилни телефони и на 3G/4G USB модем кои ги пречекориле дозволените ограничувања, наведени во овој член од Правилникот, ќе им се изврши задршка од платата во висина на разликата од утврденото ограничување и висината на сметката, за што при задолжувањето со мобилниот телефон и 3G/4G USB модемот се потпишува изјава.

Корисниците на службените уреди определени во овој член, можат да бидат задолжени само со по една сим картичка, со по еден службен мобилен телефон и со по еден 3G/4G USB модем, како и еден службен лап-топ компјутер.

## ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИ УРЕДИ СО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА СМЕТКАТА НА ДРУГИ ВРАБОТЕНИ ВО ИЗВРШНАТА КАНЦЕЛАРИЈА НА ИНРЕКОМ

### Член 3

Право на користење на службен мобилен телефон, на 3G/4G USB модем, како и на службен лап-топ преносен компјутер, со ограничување

на висината на сметките до определен износ, им се признава и на другите вработени лица во организационите единици на Извршната канцеларија на ИНРЕКОМ.

Правото на користење на службен мобилен телефон за лицата наведени во став 1 на овој член, се со ограничувања во висина на месечната претплата.

Висината на месечниот износ на мобилен бежичен интернет кој се користи преку 3G/4G USB модемот од лицата наведени од став 1 на овој член се одобрува со одлука на Управниот одбор на ИНРЕКОМ.

Надминувањето на дозволеното ограничување на висината на сметките утврдени во став 2 и став 3 на овој член, до висина на тоа ограничување, се одобрува со решение од Управниот одбор, кога тоа е поврзано со извршување на службени обврски и работни задачи.

Надминувањето на дозволеното ограничување на висината на сметките утврдени од став 2 на овој член, до висина на тоа ограничување, за услугата – роаминг, се одобрува со решение од страна на Управниот одбор, кога тоа е поврзано со извршување на службените обврски и работни задачи.

На корисниците на службените мобилни телефони и на 3G/4G USB модеми кои ги пречекориле ограничувањата утврдени со ставовите 2, 3 и 5 на овој член од Правилникот, ќе им се изврши задршка од платата во висина на разликата од утврденото ограничување и висината на сметката, за што при задолжувањето со мобилниот телефон и 3G/4G USB модемот потпишуваат изјава.

Корисниците наведени во став 1 на овој член од Правилникот, имаат право да побараат на користење службен лап-топ уред.

Корисниците на службените уреди: мобилен телефон, 3G/4G USB модем и лап-топ, определени со овој член можат да бидат задолжени само со по една сим картичка, со по еден службен мобилен телефон и со по еден 3G/4G USB модем, како и еден лап-топ компјутер.

## РАСХОДУВАЊЕ И ОТУЃУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИ УРЕДИ

**Член 4**

Службен мобилен телефон, 3G/4G USB модем и службен лап-топ преносен компјутер може да се расходува со истекот на рокот предвиден за редовен отпис (амортизација), како и по основ на физичка или техничка дотраеност пред истекот на рокот предвиден за редовен отпис (амортизација).

Извршниот директор предлага предлог-решение, а Управниот одбор на седница го донесува решението за расходување на службен уред.

Расходуваните службени уреди се отуѓуваат по пат на подарок за хуманитарни цели или по пат на уништување.

Управниот одбор на предлог на Извршниот директор, донесува решение за отуѓување на службените уреди.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Скопје,

13.06.2019

Стефан Јевтиќ

Претседател на ИНРЕКОМ Скопје